# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 02 03.03.2026, вторник

www.valandovo.gov.mk

СОДРЖИНА

**Градоначалник на Општина Валандово**

1. **Решение** заименување на директори на ООУ „Јосип Броз Тито"Валандово.............................................3

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово..................3
2. **Одлука** за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово..........................................................3
3. **Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година..................................................4
4. **Заклучок** за давање согласност на Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година..................................................................................4
5. **Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година.................4
6. **Заклучок** за давање согласност на Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година..................................................4
7. **Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година.....................................5
8. **Заклучок** за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година..................................................................................5
9. **Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година.......5
10. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година.......................................6
11. **Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година.......6
12. **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година........................................6
13. **Решение** за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година....................................................................6
14. **Програма** за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година.................................................................................6
15. **Решение** за објавување на Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година................................................................9
16. **Програма** за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година...........................10
17. **Решение** за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион...............................26
18. **Одлука** за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.............................................................................26
19. **Решение** за објавување на Решение за разрешување и назначување на вршител на должност -

член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово…………………………………………………26
**20. Решение** за разрешување и назначување на вршител на должност - член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово………………………………………………………………26
**21. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка – месечна стипендија на Андреј Мишков од с.Удово, Општина Валандово за постигнати резултати во спортот…………………………………27
**22. Одлука** за одобрување финансиска поддршка – месечна стипендија на Андреј Мишков од с.Удово, Општина Валандово за постигнати резултати во спортот……………………………………………………………………27
**23. Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за подобрување на условите за престој………27
**24. Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за подобрување на условите за престој…………………………………………………28
**25. Решение** за објавување на Одлука на Управен одбор на Домот на културата „25 -ти Мај“ Валандово за давање на согласност на времено користење на просторија на Општинскиот фудбалски сојуз Валандово………………………………………………………………28
**26. Одлука** на Управен одбор на Домот на културата „25 -ти Мај“ Валандово за давање на согласност на времено користење на просторија на Општинскиот фудбалски сојуз Валандово………………………………………28
**27. Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Програма за измена на Програмата за работа и развој на ЈП Комунален сервис Валандово за 2026 година……………………………………………………………28
**28. Заклучок** за давање согласност на Програма за измена на Програмата за работа и развој на ЈП Комунален сервис Валандово за 2026 година…………………………………29
**29. Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализирани и тековни програмски активности на „ЖФК Победа Валандово 16" Валандово…………………………………………29
**30. Одлука** за одобрување на финансиска поддршка за реализирани и тековни програмски активности на „ЖФК Победа Валандово 16" Валандово………………………………………………………………29
**31. Решение** за објавување на Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово………………………………………………………………29
**32. Правилник** за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово…………………………………30
**33. Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за организирање на регионална спортска лига во југоисточниот регион (мал фудбал)……31
**34. Одлука** за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за организирање на регионална спортска лига во југоисточниот регион (мал фудбал)…………………………………………………………………32
**35. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс“ с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мадолински оркестар…………………………………………………32
**36. Одлука** за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс“ с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мадолински оркестар…………32
**37. Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен детски фолклорен фестивал…………………………………………………………………32
**38. Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен детски фолклорен фестивал…………………33
**39. Решение** за објавување на Решение за утврдување на кандидати за претседател, секретар и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Валандово………………………33
**40. Решение** за утврдување на кандидати за претседател, секретар и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Валандово………………………………………………………………33

Градоначалникот на Општина Валандово, по предлог на Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито", Валандово бр.02-92/3 од 18.02.2026 година, врз основа на член 115 став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19, 76/20, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), член 50 став 1 точка 9 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Директор на**
**ООУ „Јосип Броз Тито"Валандово**

1. Маргарета Зајкова, дипломиран професор по информатика, **СЕ ИМЕНУВА** за директор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово.

2. Мандатот на директорот трае четири години.

3. Избраниот директор должноста директор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово, ќе отпочне да ја извршува од 20.02.2026 година.

4. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово".

**О б р а з л о ж е н и е**

По спроведена постапка, согласно Законот за основното образование, Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово, во пропишаниот законски рок, со допис бр.03-45/8 од 18.02.2026 година, заведен под бр.09-84/2 од 20.02.2026 година, до Градоначалникот на Општина Валандово, достави Предлог на кандидат за избор на директор во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово, бр.02-92/3 од 18.02.2026 година.

Ценејќи дека постапката за избор на директор на Основното училиште е спроведена во согласност со Законот, а предложениот кандидат ги исполнува пропишаните услови за директор, Градоначалникот на Општина Валандово одлучи да го именува предложениот кандидат од Училишниот одбор, Маргарета Зајкова професор по информатика – во моментот в.д.директор на училиштето, за директор на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово.

Избраниот директор со извршување на должноста ќе отпочне од 20.02.2026 година.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Кандидатот кој не е именуван во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

| | |
|---|---|
| Бр.09-84/3-2 | Градоначалник |
| 20.02.2026 година | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-289/2 | Градоначалник |
| 03.03.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 34 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2003, 62/2006, 8/2009, 175/11 и 101/13), член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 21 став 1 точка 32, 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово на седмата редовна седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, евидентирани во Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар за 2025 година, поради нивна дотраеност или неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства, опрема и ситен инвентар се утврдува по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина

Валандово, формирана од Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

Комисијата за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Валандово, ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства, опремата и ситниот инвентар кои се предлагаат за отпишување и расходување.

Комисијата врз основа на утврдената фактичка состојба, ќе утврди како да се постапи понатаму со отпишаните и расходуваните основни средства, опрема и ситен инвентар (дали да се отуѓат по пат на продажба, се употребат за друга намена за потребите на општината или се уништат и исфрлат на отпад).

За својата работа Комисијата составува Записник и истиот го доставува до Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 6**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства, опрема и ситен инвентар од Буџетот на Општина Валандово и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања и јавни набавки

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-43/2 Совет на Општина Валандово
27.02.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

Бр.09-289/3 Градоначалник
03.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 83/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ") и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на седмата редовна седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово ја има усвоено на 20.02.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесување, а истиот ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-43/3 Совет на Општина Валандово
27.02.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

Бр.09-289/4 Градоначалник
03.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 83/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ") и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на седмата редовна седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово го има усвоено со Одлука бр.127/4 од 20.02.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесување, а истиот ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-43/4 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-289/5 | Градоначалник |
| 03.03.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 83/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ") и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на седмата редовна седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово го има усвоено со Одлука бр.127/1 од 20.02.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесување, а истиот ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-43/5 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-289/6 | Градоначалник |
| 03.03.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија(„Службен весник на РМ" бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 83/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово под бр.02-127/5 од 20.02.2026 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-43/6 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година ,што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

Бр.09-289/7 Градоначалник
03.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија(„Службен весник на РМ" бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 83/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025-2027 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово под бр.02-127/5 од 20.02.2026 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-43/7 Совет на Општина Валандово
27.02.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година,што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

Бр.09-289/8 Градоначалник
03.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

**1.** Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
**2.** Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
**3.** Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);

4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

5. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;

6. Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

## I. Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Валандово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Валандово, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Валандово, во 2026 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;

2. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;

3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;

4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;

5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;

6. Одржување на комуналната хигиена.

### 1.1 <u>Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата</u>

Општина Валандово и во 2026 година генерално ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи во Општина Валандово во 2026 година, предвидено е изградба на цевковод од каптажа до новиот резервоар со должина од 3.888 метри и водоводна мрежа во село Калково со цевковод во должина од 5.540 метри.

Одобрени се средства за изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарната мрежа во с. Калково. За истата е спроведена јавна набавка од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Во тек е реконструкција на водоводната линија на улица Маршал Тито во Валандово.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на реконструкција на доводен цевковод од постоечка пумпна станица до постоечки резервоар на град Валандово и до постоечки резервоар на с. Чалакли, главен цевковод од постоечки резервоар на град Валандово до приклучок на с. Раброво и доводен цевковод од приклучок на с. Раброво до постоечка пумпна станица во с. Дедели општина Валандово, вредноста на овој проект е 57.569.554,00 денари.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово.

Директната грижа околу функционирањето на системите за водоснабдување во населените места и одржувањето на здравствената исправност на водата за пиење е на субјектите кои стопанисуваат со системите за водоснабдување, ЈП „Комунален сервис" Валандово и Месните Заедници.

Притоа Општина Валандово и во 2026 година ќе продолжи со постапката на преземање на надлежностите од Месните заедници и пренесување на Јавното комунално претпријатие, со што ќе се добие одговорен субјект и поголема ефикасност во функционирањето на

системите и поголема безбедност на водата за пиење од аспект на нејзината здравствена исправност.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

### 1.1 Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовни контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди, сите училишта и градинки добиваат извештај за утврдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

### 3.1 Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води

Отстранувањето на цврстиот отпад во Општина Валандово се спроведува на следниот начин: во градот Валандово и во сите населени места Раброво, Пирава, Јосифово, Горна Маала, Удово, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Раброво, Чалакли, Дедели, Казандол, Башибос, Кочули,Калково, Собри и Прстен го врши Јавното комунално претпријатие „Комунален сервис“.

Општина Валандово во 2026 година ќе продолжи со пренесување на надлежностите и отстранувањето и депонирањето на цврстиот отпад на Јавното комунално претпријатие и во некои од останатите населени места. Со овие мерки општината паралелно ќе продолжи со постепеното елиминирање и на дивите депонии. По претходно формирана комисија од страна на Градоначалникот, направено беше комплетно мапирање на сите постојни диви депонии во општината а преку ЈП „Комунален сервис“ Валандово се врши елиминација на истите.

На дневно ниво во просек се собира околу 54 $m^3$ комунален отпад, а во текот на една година околу 15.550 $m^3$ комунален отпад, кој го создаваат домаќинствата и истиот се депонира на депонијата „Сува река“. Депонијата „Сува Река“ се наоѓа на 5 km, оддалеченост од градот Валандово и истата зафаќа површина од 2000 $m^2$.

На овој план неколку години наназад во тек се активности преку Владата на РСМ и Југоисточниот плански регион, за справување со постоечкиот проблем за управување со отпадот, со основање на регионална депонија.

Општина Валандово и во 2026 година ќе продолжи со изградба на канализациони системи за прифаќање и одведување на отпадните води во населените места.

Во тек е реализирање на проектот „Основен проект за дел од колектор за град Валандово, дел 1“ во Општина Валандово.

Од Буџетот на Општина Валандово обезбедени се средства за реализирање на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води на териротијата на Општина Валандово.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на Пречестителна станица за отпадни води, за кој Општина Валандово претходно има изработено техничка документација со сите фази.

Заради заштита од заразни болести:

- ќе се врши редовна дезинфекција на садовите за складирање на отпадот;

- во населените места каде што отстранувањето на отпадните води е во септички јами ќе се врши интервенција за нивно чистење преку ЈП „Комунален сервис“, со специјализирано возило за чистење на септички јами, кое Општина Валандово го има набавено за таа намена, преку проектот „Набавка на механизација за подобрување на комуналните услуги во Општина Валандово“ и го има отстапено на Јавното претпријатие.

### 4.1 Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и на други јавни површини

Заради поголема ефикасност, Општина Валандово и оваа година планира превентивната дезинсекција да ја спроведе како заедничка активност на општините од Југоисточниот плански регион. Притоа ларвицидната дезинсекција ќе се извршува според претходно утврдена динамика, а адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати според оперативен план, усогласен со акционниот план на Центарот за јавно здравје. Во функција на тоа општината веќе има извршено евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита и други лежишта на комарци.

Дератизација со поставување на мамци во шахти од фекална канализација ќе се реализира во месец мај. Носител на оваа активност ќе биде Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

Дератизација и дезинфекција во другите јавни установи под надлежност на општината ќе врши секоја од јавните установи индивидуално.

### 5.1 Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

Здравствената едукација на населението ќе се реализира во соработка со Центарот за јавно здравје Струмица. Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања преку учество на локалните медиуми, изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и справување.

6.1 Одржување на комуналната хигиена

Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши согласно Програмата на Советот на Општина Валандово за одржување на јавната чистота.

**II. Начин на финансирање**

Финансиските средства за превентивна дезинсекција се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2026 година во износ од 1.357.000,00 денари од кои 590.000,00 за дезинсекција, 472.000,00 за дератизација и 295.000,00 за ветеринарни услуги.

Финансиските средства за изградба на пречистителна станица ќе бидат од донација.

Финансиските средства за изградба на дел од колектор за град Валандово во износ од 21.167.000 денари се обезбедени од Влада на РСМ, а ги спроведе Министерство за животна средина и просторно планирање.

Од Буџетот на Општина Валандово обезбедени се средства од 4.100.00,00 денари за реализирање на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води на териротијата на Општина Валандово.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово. Вкупната вредност на проектот е 47.644.506,00 денари.

Обезбедени се средства во износ од 3.500.000,00 денари за „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли", преку конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година од Министерството за животна средина и просторно планирање и во тек е изработката на техничката документација.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на Пречестителна станица за отпадни води, за кој Општина Валандово претходно има изработено техничка документација со сите фази. Вкупната проектирана вреност на овој проект е 237.132.123,26 денари.Како подготвителна активност за изградба на канализационен систем за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води за населба Странец планирана е изработка на техничка документација.Планирана е изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем за канилизирање на атмосферски и фекални отпадни води за село Чалакли и село Собри.

Од Буџетот на Општина Валандово ќе се направи дел од канализациониот систем за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води во село Пирава.

Во текот на 2026 година ќе се отпочне со изработка на техничка документација за реконструкција на каскадни системи за регулирање на атмосферски води во село Пирава и село Калково.

**III. Завршни одредби**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-43/8 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-289/9 | Градоначалник |
| 03.03.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-43/9
27.02.2026 год.
Валандово

Врз основа на член 21 став 1, член 27 став 1, 2 и 3 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на РСМ“ бр 216/21),член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “бр. 05/2002) и член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седмата редовна седницата одржана на 27.02.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за управување со отпадот во Општина Валандово за период 2026-2028 година

## ВОВЕД

Еден од основните приоритети во областа на заштитата на животната средина во Република Северна Македонија, претставува начинот на управувањето со отпадот, чија што политика темелно е уредена со:

- Законот за управување со отпадот („Службен весник на РСМ“ бр 216/21 и 3/25);
- Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020);
- Националниот план за управување со отпад (2020.-2030) на Република Северна Македонија.

Стратегијата за управување со отпадот ја одразува националната политика во оваа област и претставува основа за подготвување и спроведување на интегриран систем за управување со отпадот, кој ќе биде ефективен во однос на трошоците.

Целите поставени во стратегијата за управување со отпадот на Република Северна Македонија, се во согласност со политиката за управување со отпадот на Европската Унија, па според тоа Република Северна Македонија ќе мора да се стреми кон намалување на количините на создаден отпад и правилно управување со веќе создадениот.

Поимот управување со отпадот опфаќа збир на активности, одлуки и мерки кои се однесуваат на:

- спречување на настанување на отпад, намалување на количината на отпадот и/или неговото штетно влијание врз животната средина;
- начинот на собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот, вклучувајќи го и надзорот над овие операции;
- грижа за објектите и за инсталациите за отстранување на отпадот по престанокот на нивната работа;

Управувањето со отпадот мора да се спроведува на начин на кој што нема да бидат ставени во прашање човековото здравје и животната средина, а применетите постапки нема да доведат до:

- ризик од загадување на водата, воздухот и почвата;
- предизвикување пожар и експлозија;
- појава на бучава;
- појава на непријатен мирис;
- загрозување на постоечката флора и фауна;
- штетно влијание на културно-историските, естетските и природните вредности.

Врз основа на член 27 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на РСМ" бр.216/21 и 3/25), лицата кои во вршењето на својата дејност, во текот на една календарска година, создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад или повеќе од 100 тони неопасен отпад, донесуваат програми за управување на отпадот во согласност со Стратегијата за управување со отпадот, Планот, Планот за спречување на создавање на отпад и регионалните планови за управување со отпад.

Програмата се донесува за период од три години.

Програмата за управување со отпадот содржи:

- Постојно ниво на создавање на отпад, по видови, количини и извори на создавање и предвидување на видот и количеството на отпад што ќе се создава во наредните три години;
- Постојни и планирани технички, организациони и други мерки за избегнување и за намалување на создавањето на отпад и намалување на штетноста на истиот;
- Податоци за постојни и планирани организационо-технички капацитети на ЈП Комунален Сервис, Валандово;
- Постојни и планирани технички, организациони и други мерки за управување со отпадот;
- Времена рамка за спроведување на стандардите кои се однесуваат на составот и изработката на одделни производи и пакувања и нивната соодветност за повторна употреба или преработка, вклучително и рециклирањето;
- Мерки за заштита од штетното влијание на отпадот по животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Планирани активности за едукација и за обука на кадарот што управува со отпадот.

Управувањето со отпадот на подрачјето на Општина Валандово не се разликува значително од тековната пракса што се применува на територијата на останатите рурални општини во Република Северна Македонија, во кои се уште не се целосно задоволени законски утврдените барања, како во делот на примената на принципите на хиерархија на отпадот, универзалност на услугата, заштитата на животната средина, како и во однос на надзорот врз спроведувањето на законот и примената на казнени мерки врз субјектите.

Во таа насока, може да се каже дека креаторите на политиката за управување со отпадот во Општина Валандово, давателот на услугата – ЈП Комунален Сервис, граѓаните и претпријатијата, субјектите инволвирани во прометот со секундарни суровини, како и невладиниот сектор, имаат пред себе одговорна улога, секој во својот домен, да настојува да се подобрат постепено состојбите во оваа сфера.

## 1. Постојно ниво на создавање на отпад по видови, количини и извори и предвидување на видот и количеството на отпад што ќе се создава во наредните три години

Управувањето со отпадот е збир на активности, мерки и одлуки наменети за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и негово негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, вклучувајќи го и постапувањето со отпадот. Отпадот на територијата на Општина Валандово го собира ЈП „Комунален сервис" Валандово, а собирањето на отпад се врши во сите населени места во Општина Валандово (Раброво, Пирава, Јосифово, Горна Маала, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Дедели, Чалакли, Казандол, Калково, Удово, Прстен, Башибос и Собри).. Во овие населени места поставени се садови за отпад (контејнери) од 1,1 м$^3$, а во поголем број домаќинства и пластични корпи од 120 л.

### 1.1 *Комунален отпад*

Комуналниот отпад е значајно застапен во вкупните количини на отпад создадени во општината, а го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржување на јавната хигиена и отпадот од парковите, комерцијалните субјекти, институциите, како и отпадот создаден во индустријата, а е сличен на отпадот од домаќинствата. Мал дел од комуналниот отпад е опасен: малите преносливи батерии кои содржат тешки метали и киселини, пакувања со остатоци од бои, разредувачи, киселини, алкалии, површинско активни материи, инсектициди и сл. Создавањето на комуналниот отпад во општината, доследно го следи општото правило дека, во густо населените урбани области се создаваат поголеми количини комунален отпад отколку во подрачјата со доминантно рурален карактер.

На дневно ниво во просек се собира околу 60 m$^3$ комунален отпад, а во текот на една година околу 16.000 m$^3$ комунален отпад, кој го создаваат домаќинствата и истиот се депонира на депонијата „Сува река". Депонијата „Сува Река" се наоѓа на 5 km, оддалеченост од градот Валандово и истата зафаќа површина од 2000 m$^2$. Од 2022 година истата е оградена, поставен е хидрански систем и чуварска служба.



Сл.1 Депонија „Сува река"

Создавањето на диви депонии во Општина Валандово, воглавно се должи на ниската свест кај населението за значењето на заштита на животната средина и неефикасното спроведување на законската регулатива за изрекување на казни од страна на соодветните органи. Во Општина Валандово, согласно извештајот на Комисијата за мапирање на диви депонии, бр.09-196/2 од 02.03.2022 година, лоцирани се 22 диви депонии низ населените места. Најчести локации на кои се создаваат диви депонии, се деловите од општината кои до скоро не беа опфатени со организираниот систем за собирање и транспорт на отпадот и истите се наоѓаат покрај локалните патишта, канали и реки.

Во програмскиот период 2026-2028 година, се предвидува намалување на количините на

комуналниот отпад, кој ќе се должи пред се на подигањето на свеста кај депонентите (создавателите) и зголемувањето на количината на селектираниот отпад, кој досега најчесто завршува како комунален отпад.

Комунален отпад кој се предвидува да биде собран во текот на една година:

| | |
|---|---|
| 2026 година | 14 500 m³ |
| 2027 година | 14 000 m³ |
| 2028 година | 13 500 m³ |




Сл. 2 Сад за селекција на стаклен отпад

### *1.2 Индустриски отпад*

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

Индустрискиот отпад се состои од сите видови на отпад создадени во индустриите, како од самиот индустриски процес во Општина Валандово. Индустрискиот отпад воглавно се јавува како:

- неопасен отпад (сите видови отпад создадени во рамките/кругот на индустрискиот капацитет, кои не содржат како конституенти опасни супстанци, или кои содржат опасни супстанци под утврдените гранични концентрации) и
- опасен отпад (видови опасен отпад наведени во Листата на видовите отпад и означени со ѕвездичка).

Отпадот кој доаѓа од индустриите како и останатиот комунален отпад се собира и се депонира на депонијата „Сува Река", во зависност од видот на отпадот. ЈП Комунален Сервис има склучено договор со индустриските капацитети за подигање на отпадот и истиот редовно се подига во согласност со динамиката на подигање, транспортирање и одлагање на отпадот, воспоставена од претпријатието.

Индустриските капацитети во општината, во текот на еден месец, создаваат во просек 10.100 kg неопасен отпад, од кој текстилот е застапен од околу 30% од вкупната количина на индустриски отпад.

Како и на други места во земјата, во најголем број на случаи габаритниот индустриски цврст отпад, се одлага на посебни депонии или се собира, транспортира и одлага на посебни општински или микрорегионални индустриски депонии. Нема точни податоци за тоа колкави количини од преостанатите важни типови на отпад, опасен отпад и градежен шут се создаваат во моментот.

Според Законот за управување со отпадот, во надлежност на општината е само управувањето со индустрискиот неопасен отпад, додека управувањето со опасниот индустриски отпад е надлежност на државата, односно централната власт. Законодавството дозволува депонирање на неопасниот индустриски отпад на депонии за комунален отпад.

### *1.3 Медицински отпад*

Медицински отпад е отпадот создаден во здраствените институции (диспензери, болници, поликлиники и амбуланти, стоматолошки ординации, ветеринарни станици итн.). Овој отпад потекнува од искористените предмети и материјали како резултат на дијагностицирање, медицински третман и превенција на заболувања кај луѓето и животните. Според податоците со кои се располага, од вкупното количество на отпад што се создава од активностите за здравствена заштита, околу 80% е општ отпад, сличен на домашниот отпад. Останатите 20% се смета за опасен материјал што може да биде инфективен, токсичен или радиоактивен (СЗО, 2011).

Во Општина Валандово најголем создавател на медицински отпад е ЈЗУ Здраствен дом „Здравје", кој согласно со одредбите од Законот за управување со отпадот, има потпишано договор за собирање, транспорт и уништување на медицинскиот отпад со инцинерација со Трговското друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО од Битола.




Сл.3 Место за депонирање на медицински отпад

Годишно во Општина Валандово се генерираат околу 1 t медицински отпад. Проекците за периодот 2026 - 2028 се во истиот обем во текот на годината како и досега.

### 1.4 *Отпадна електрична и електронска опрема*

Отпадна електрична и електронска опрема е отпад од електрична и електронска опрема во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот, вклучувајќи ги сите составни делови, потсклопови и потрошни делови и материјали кои се дел од производот во моментот на исфрлање.

Отпадната електрична и електронска опрема (ОЕЕО) во моментов се смета за еден од најбрзо растечките текови на отпад. ОЕЕО содржи голем број на опасни супстанции, а во исто време и вредни материјали. Исто така постои и временска разлика меѓу моментот во кој производот се пушта на пазарот и кога истиот се отфрла. Еден европски граѓанин располага просечно со 362 kg ОЕЕО. Поделено на посебни фракции, главните фракции се: бела техника (135 kg), уреди за разладување (63 kg), ТВ/HiFi опрема (86 kg) и компјутери (37 kg). Постојат различни методи за одредување на создадените количества ОЕЕО.

Елколект има обврска да воспостави собирни места и собирни центри за отпадната електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори на територијата на целата држава. На територијата на Општина Валандово има поставено едно собирно место за собирање на електронски отпад и истото се наоѓа во ТППЕ Валандово.

### 1.5 Стари возила

Податоци за создадени количини стари возила на локално ниво не постојат, додека според Националниот план за управување со отпад, на национално ниво се создаваат 17.500 парчиња/година стари возила. На локално и национално ниво, не постои организирано собирање на стари искористени возила. Сепак, остатоците од старите возила обично се собираат од страна на неформалниот сектор (индивидуални собирачи) и се праработуваат за искористување на резервните делови или како стари метали.

### 1.6 Отпадни гуми

Отпадни гуми се гуми од моторни возила (автобуси, камиони, приколки, мотоцикли и друго), земјоделски машини, градежни машини и слично чијашто употребна функција завршила, сопственикот има намера да ги отфрли, ги отфрла или од него се бара да ги отфрли.

На територијата на Општина Валандово, отпадните гуми најчесто завршуваат кај производителите на вар, кои ги користат при самото производство на вар. Таквото користење на отпадните гуми, придонесува кон големо загадување на животната средина, поготово во пределите каде што се наоѓаат варниците.

### 1.7 Старо "железо" (црни и обоени метали)

Отпадните црни и обоени метали и метални предмети, во праксата се подведуваат под називот старо "железо", најверојатно затоа што железото е најзастапената компонента. Интензитетот на создавање на овој вид отпад на национално ниво е проценета на околу 40-45 кг/жител, па очекуваната количината создадени отпадни црни метали во Општината Валандово би била 450 - 500 тони/год. Оваа проценка треба да се земе со резерва бидејќи еден од поголемите создавачи на ваков отпад е индустриското производство, кое поседува опрема која е доста амортизирана, па набрзо таа може да стане „старо железо", т.е. наведените количини, во одреден временски период може да бидат и доста повисоки.

На територијата на Општина Валандово, црни и обоени метали се откупуваат од страна на МД Страиште, како и од индивидуални лица кои на црно го откупуваат или го собираат старото железо. Постапувањето со „старо железо" е стабилен и профитабилен бизнис, па се очекува дека во општината на подолг рок нема да се појави проблем со овој вид отпад.

### 1.8 Градежен отпад и шут

Градежните активности генерираат големи количества на отпад, кој може да се искористи повторно во истата техничка гранка, како суровина или како адитив. Најзастепениот инертен отпад, градежниот шут (отпад од градење и рушење) потекнува од активностите како градење на објекти/згради и цивилна инфраструктура, целосно или делумно рушење и реконструкција на објекти/згради и цивилна инфраструктура, одржување на патна инфраструктура. Овој отпад обично се состои од: бетон, плочки, арматура, асфалтно поплочување, асфалтен покривен материјал, дрвена граѓа, гипсени плочи, камен, земја и ситни остатоци.

Иако главнината на отпадот е инертна, овој отпад може да содржи и состојќи од опасен отпад (азбест, ПВЦ, третирано дрво со средства за заштита и сл.), за што постојната пракса како на национално, така и на локално ниво не посветува доволно внимание.

Производите кои содржат азбест, се опасен отпад и не би биле во надлежност на локалната самоуправа, доколку не се помешани со останатиот градежен шут, но тие, според постојната практика, најчесто се мешаат со градежниот шут и го трансформираат истиот од инертен во опасен. Освен тоа, самите активности на рушење на градежни објекти/делови од објекти (најчесто кровови) кои содржат азбест, носат висок степен на опасност по здравјето на луѓето, како на оние чии живеалишта имаат азбестно-цементни покриви, така и на сите оние кои се движат во околниот простор. Поради тоа отпадот од азбест треба да се селектира, собира и отстранува колку што е можно поскоро во соодветно запечатени пакувања и обележано на начин кој укажува дека истиот содржи азбест. Отпадот од азбест и отпад со лабаво врзан азбест пред отстранувањето треба да биде површински третиран или подложен на постапки на зацврстување или уништување на азбестните влакна или спакуван во садови или вреќи, така да се спречи ослободување на азбестните влакна во животната средина.

Како и другите видови на отпад, и градежниот шут е нехомогена мешавана на различни материјали со различна големина и воглавно се состои од минерални супстанции, за што е потребно сортирање и кршење на материјалот.

Податоците за инертен отпад/градежен шут, се мошне ограничени. Се создава при изведување на градежни, преработувачки, занаетчиски работи и други дејности, кои создаваат инертен отпад (градежен шут). За жал, сеуште постојат случаеви кога овој отпад, најчесто нерегуларно, се исфрла на одредени депресии на теренот, покрај речните корита, или се остава на локации блиску до местото на генерирање. Според податоците од Националната стратегија за управување со отпад (2008-2020год), секој жител генерира околу 240 кг/годишно градежен шут, т.е во Општина Валандово се создава околу 2.900 тони градежен отпад/шут, на годишно ниво.

## 2. Постојни и планирани технички, организациони и други мерки за избегнување и за намалување на создавањето на отпад и намалување на штетноста на отпадот

Динамиката за собирање на сметот е определена со внатрешен оперативен план на ЈП Комунален Сервис, Валандово. Собирањето на смет се врши 6 дена во неделата и за таа цел се вклучени 2 специјализирани возила (камиони-ѓубрарки) со капацитет од 6 м$^3$ и 9 м$^3$, како и 2 трактора со капацитет од 3м$^3$ и 4м$^3$ со кој целосно се задоволува собирањето на смет од сите населени места.

Со Решение бр.09-1169/1 од 27.12.2022 година, определени се собирните места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад и за определување на место за организирање на Собирен центар за селектиран отпад во Општина Валадово.

Собирните места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад се определени во следните населени места во Општина Валандово, и тоа за:

Комунален отпад, во:

- Валандово — 76 собирни места;
-Раброво — 10 собирни места;
- Индустриска зона Раброво — 3 собирни места;

- Пирава 52 собирни места;
- Јосифово 46 собирни места;
- Горна Маала 6 собирни места;
- Калково 5 собирни места;
- Удово 50 собирни места;
- Брајковци 14 собирни места;
- Балинци 10 собирни места;
- Марвинци 12 собирни места;
- Грчиште 4 собирни места;
- Чалакли 13 собирни места;
- Башибос 5 собирни места;
- Кочули 2 собирни места;
- Собри 5 собирни места;
- Дедели 10 собирни места;
- Казандол 2 собирни места.

стакло, во:

- Валандово 3 собирни места;
- Пирава 1 собирно место;
- Јосифово 1 собирно место;
- Удово 1 собирно место;
- Брајковци 1 собирно место;
- Марвинци 1 собирно место.

Електронски отпад, во:

- Валандово 2 собирни места.

Хартија, во:

- Валандово 10 собирни места.
- Пирава 2 собирни места;
- Јосифово 2 собирни места;
- Удово 2 собирни места;
- Брајковци 2 собирни места;
- Марвинци 1 собирно место;
- Чалакли 1 собирно место;
- Башибос 1 собирно место;
- Дедели 1 собирно место.

Пластика, во:

- Валандово 10 собирни места;
- Пирава 2 собирни места;
- Јосифово 2 собирни места;
- Удово 2 собирни места;
- Брајковци 2 собирни места;
- Марвинци 1 собирно место;
- Чалакли 1 собирно место;
- Башибос 1 собирно место;
- Дедели 1 собирно место.

Опасен отпад од домаќинствата, во:

- Собирен центар „Сува река“ КО Раброво.

За место на кое Давателот на услугата е должен да организира Собирен центар за селектиран отпад определена е локацијата „Сува река“ КО Раброво.

### 3. Постојни и планирани организационо-технички капацитети на ЈП Комунален Сервис Валандово

Собирањето на комуналниот цврст отпад, ЈП Комунален Сервис го реализира во согласност со изработен оперативен план за собирање на отпад во Општина Валандово. Динамиката на изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад, утврдена е во зависност од густината на населението, количината на отпадот и условите за изнесување на истиот.

Собирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад се врши со специјални моторни возила, кои што обезбедуваат сигурен и безбеден транспорт на отпадот, од местото на неговото собирање, до местото на неговата крајна испорака, односно депонирање. Возилата овозможуваат натоварениот отпад да биде безбеден за транспорт. Истите се соодветно обележани за да се види јасно нивната намена и вршителот на јавната услуга. Составен дел на опремата на возилата се и средствата за собирање на расфрлениот отпад надвор од садовите за собирање на отпадот. Специјалните моторни возила треба да ги исполнуваат важечките барања и стандардите за димензиите, вкупните маси и осното оптеретување и редовно да се одржуваат во исправна состојба.

Во прилог е распоред на собирање на комуналниот отпад во текот на неделата.

**Тип на возило: Камион марка „Mitsubishi Fuso“ капацитет 8m³**

| Ден | Населено место/подрачје |
|---|---|
| Понеделник | • Валандово<br>• Раброво |
| Вторник | • Индустриска зона Раброво<br>• Чалакли<br>• Дедели<br>• Башибос<br>• Кочули<br>• Валандово-централно подрачје |
| Среда | • Валандово<br>• Пирава |
| Четврток | • Валандово<br>• Раброво<br>• Нови гробишта |

| | |
|---|---|
| **Петок** | • Индустриска зона Раброво<br>• Чалакли<br>• Дедели<br>• Башибос<br>• Кочули<br>• Валандово-централно подрачје |
| **Сабота** | • Валандово |

**Тип на возило: Камион марка „BMC“ капацитет 12m³**

| **Ден** | **Населено место/подрачје** |
|---|---|
| **Понеделник** | • Валандово – долен ден<br>• Пирава |
| **Вторник** | • Јосифово<br>• Брајковци<br>• Балинци |
| **Среда** | • Удово |
| **Четврток** | • Валандово – долен ден<br>• Пирава |
| **Петок** | • Јосифово<br>• Брајковци<br>• Балинци<br>• Марвинци<br>• Грчиште |
| **Сабота** | • Удово |

**Тип на возило: Трактор марка „Solis 4WD“**

| **Ден** | **Населено место/подрачје** |
|---|---|
| **Понеделник** | • Валандово |
| **Вторник** | • Валандово |

| | |
|---|---|
| **Среда** | • Валандово |
| **Четврток** | • Валандово<br>• Казандол |
| **Петок** | • Валандово |
| **Сабота** | • Валандово |

**<u>Тип на возило: Трактор марка „Ferguson model 533“</u>**

| **Ден** | **Населено место/подрачје** |
|---|---|
| **Понеделник** | • Валандово<br>• Индустриска зона, Раброво |
| **Вторник** | • Пирава<br>• Јосифово<br>• Удово |
| **Среда** | • Валандово<br>• Индустриска зона, Раброво |
| **Четврток** | • Брајковци<br>• Балинци |
| **Петок** | • Пирава<br>• Јосифово<br>• Удово |
| **Сабота** | • Марвинци<br>• Грчиште<br>• Брајковци<br>• Балинци |

**4. Времена рамка за спроведување на стандардите кои се однесуваат на составот и изработката на одделни производи и пакувања и нивната соодветност за повторна употреба или преработка вклучително и рециклирање**

Постојниот начин на собирање и третман на комуналниот цврст отпад, не го опфаќа селектирањето и рециклирањето на оние фракции на комуналниот цврст отпад кои имаат пазарна вредност. Во Р.С. Македонија постои ланец на претпријатија кои се занимаваат со собирање на одредени видови отпад кои имаат пазарна вредност. Материјалите кои може да бидат искористени или

преработени, претежно се собираат од страна на неформалниот сектор и потоа се продаваат на претпријатија кои се занимаваат со откуп, продажба или процесоирање на секундарни суровини. Нешто што е карактеристично и за цела држава, е тоа што не постојат докази за сеопфатна програма за рециклирање, организирана од некоја од општините во југоисточниот плански регион. Сепак, рециклирањето и искористувањето на некои отпадни материјали, пред сè на старото железо и други отпадни метали, постои како економска активност. Како и на други места во државата, со вакви активности се бават претежно приватни фирми, т.е. мали (микро) приватни претпријатија. Вообичаената шема кај овие практики на рециклирање е таква што претприемачите кои поседуваат мали плацеви за отпадни метали, откупуваат отпадни метали, собрани од локални индивидуални собирачи или самите собираат, па откако ќе се изврши една сосема базична преработка на собраните отпадни материјали, истите им се продаваат на крајни корисници (обично средни или големи производствени капацитети кои користат отпадни метали како суровина) или на посредници (сопственици на поголеми плацеви за отпад).

Со цел организирање на одделно собирање на отпад од пакување, кој претставува комунален отпад на територијата на Општина Валандово, општината и ЈП Комунален Сервис имаат потпишано договори со:

- Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје;
- ЕУРО-ЕКОПАК ДОО, Скопје;
- Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје.

Заради остварување на националните цели, за предвидениот програмски период, Општина Валандово, заедно со ЈП Комунален Сервис Валандово, се обврзува да обезбеди собирање на минимални количини на отпад од пакување од територијата на општината, дефинирани по години и по тип на отпад на пакување во тони, согласно динамиката дадена во следната табела:

| *година* | *пластика (ПЕТ, најлон, фолија)- (тони)* | *хартија/картон (тони)* | *стакло (шишиња, тегли) (тони)* |
|---|---|---|---|
| **2026** | **5** | **5** | **15** |
| **2027** | **7** | **7** | **20** |
| **2028** | **9** | **9** | **25** |

## 5. Мерки за заштита од штетното влијание на отпадот по животната средина, животот и здравјето на луѓето

Општина Валандово има за цел да го усогласи управувањето со отпадот како што е дадено во соодветните законски рамки и правни документи. Законот за управување со отпадот е граден врз основа на неколку фундаментални основи. Приоритети (хиерархија) во управувањето со отпадот која ги опфаќа различните опции на управување со отпадот се:

- Превенција или намалување на создавање на отпадот и неговата штетност и заштита на здравјето на луѓето и животната средина;
- Преработка на отпадот преку рециклирање и негово повторно користење;
- Користење на отпадот како извор на енергија и негово конечно отстранување.

Општина Валандово заедно со ЈП Комунален сервис ќе ги почитува насоките дадени во

пропишаните легислативи, преку исполнување на активностите дадени во Програмата за управување со отпадот и ќе ја подобри состојбата со отпадот во општината.

Цели кои треба да се исполнат за подобрување на состојбата со отпад:

- Целосна примена на Законот за управување со отпадот и подзаконските акти;
- Приспособување кон идниот регионален пристап за управување со отпадот;
- Воспоставување база на податоци за создавачи на сите видови отпад и начин на негово управување;
- Развивање и имплементирање на систем за селекција на отпад и негов третман;
- Уредување на собирен центар за селектиран отпад каде што граѓаните ќе можат да го одложат отпадот;
- Редовна контрола од страна на овластениот инспектор за животна средина од Општина Валандово за инсталациите кои имаат Дозвола за вршење на дејност складирање, третман и преработка на отпад, а кои се наоѓаат во урбано подрачје на територијата на општина Валандово;
- Расчистување на дивите депонии и нивна рекултивација и ревитализација;
- Подигање на јавната свест за соодветно управување со отпадот и едукација за потенцијалните ризици од несоодветното управување, како и организирање кампањи и акции за стимулирање на активностите за собирање и селектирање на отпадот со прикажување на бенефициите од ваквите активности. Целни групи би биле создавачите на отпад и неформалниот сектор;

Активностите што треба да ги спроведе единицата на Локалната самоуправа, во случајов Општина Валандово, треба да одговорат на барањата за исполнување на зацртаните цели околу спроведувањето на Програмата за управување со отпадот на Општина Валандово. Во таа насока, дефинирани се приоритетни активности за следниот тригодишен период (2026 – 2028 год). Приоритетите се утврдени земајќи ги во предвид реалните можности на општината, како и барањата што произлегуваат од националната законска рамка и ЕУ директивите. Идејата е Општина Валандово постапно, по фази, да ги реализира активностите, чие спроведување ќе води кон успешна реализација на усвоената Програмата за управување со отпадот.

## 6. Планирани активности за едукација и обука на кадарот што управува со отпадот

Со цел да се создаде ефикасен и функционален систем за управување со отпад, многу е важно, целата јавност во општината, односно сите жители во населените места, да го разберат и да му дадат подршка на истиот.

Најважна активност во целиот процес, е организацијата на системот за собирање на комуналниот отпад, да биде поддржан од граѓаните. За таа цел, јавноста треба да биде јасно и прецизно информирана за начинот на собирање на отпадот и обврската околу плаќањето за услугата.

Дефинирањето на цените за извршување на услугите, во делот на управувањето со отпадот, треба да се одвива на транспарентен начин, којшто подразбира активно вклучување на јавноста при утврдување на цените, при што координатор на активноста може да биде некоја од локалните НВО-и кои се бават со оваа дејност или други стручни лица, активни во оваа проблематика. На овој начин населението полесно ќе го прифати оваа задолжение, што ќе резултира и со поефикасна реализација на обврската.

Општината е должна, секое непрописно постапување со отпадот соодветно да го казни. Така, преку

постојано следење на состојбите на терен, треба да се воочуваат било какви неправилности и се превземаат соодветни казнени мерки према несовесните сторители. Во таа насока, Општина Валандово, заедно со Јавното комунално претпријатие, преку јавни кампањи кои ќе ги спроведува, јасно треба да им ги предочи ваквите мерки со што ќе го поттикне правилното постапување со отпадот, како што тоа е пропишано со националното законодавство и нормите на ЕУ.

Подигнувањето на јавната свест кај локалното население за спроведување на одредени активности во управувањето со отпадот, ќе се остварува преку следните активности:

- Поделба на летоци и флаери со едукативна содржина за правилно одлагање на отпадот;
- Организирање на предавања во училиштата кај најмладата популација со цел зголемување на нивната свест за правилно постапување со отпадот;
- Пригодни обраќања на оваа тема при одржување на состаноци со локалните жители или претставници на нивните месни заедници;
- Прилози во весници и сл.

Воспоставување на пракса за вклучување на јавноста, е битен фактор во процесот на донесување на одлуки значајни за животната средина, преку соработка со јавните комунални претпријатија, локалната самоуправа и НВО секторот. Примената на процедурата за вклучување на јавноста е опфатена во Архуската конвенција ратификувана и во Република Северна Македонија под надлежност на МЖСПП, чија главна цел е учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина.

Во процесот на вклучување на јавноста во донесување на одлуки, како што е дефинирање на цените за извршување на услугите во областа на животната средина, координатор може да биде локално НВО кое се занимава со оваа дејност или други стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика. Најважна активност во целиот процес е организација за собирање на отпадот како одлука на граѓаните. Од голема важност е превземање на конкретни активности и проекти од типот „Заедно кон почиста општина“, организирање на трибини, конференции за печат и следење на истото од страна на локалните медиуми. Највисока цел која треба да се постигне со јавните кампањи за зголемување на јавната свест кај населението, е изнаоѓање на најдобро можно и одржливо решение со што би се воспоставил еден баланс помеѓу потребите на населението, потребите на јавното комунално претпријатие и приватниот сектор.

Известување од страна на комуналните претпријатија или приватниот сектор, за преземање на конкретни чекори во управувањето со отпад и барање мислења од граѓаните во врска со тоа, е битно за понатамошно успешно работење и одржливост на целиот систем на работа. Од голема важност е системот за собирање на отпад да биде прифатен од страна на населението, со што би се постигнале саканите ефекти, а би било од корист и за можниот инвеститор и за јавното комунално претпријатие.

Потребна е комуникација со медиумите за подобро запознавање на јавноста за сите активности кои се превземени од оние кои управуваат со отпадот, како што е ЈП Комунален Сервис или одредено приватно претпријатие.

Соработка со медиумите е важна поради:

- Јавно пренесување на пораките;
- можност да се чуе гласот на локалното население;

информирање и јакнење на свеста кај јавноста;
- јакнење на секторот кој се занимава со управување со отпад;
- можност за повикување на граѓаните на акција, како и објаснување како тие можат да учествуваат;
- можности за влијание врз чинителите во областа на животната средина (институции, власти, политичари).

Во согласнот со горе наведеното треба да се направи стратешко планирање на комуникација на медиумите при реализирање на проектите, во смисла на определување на:
- медиумски цели на проектот како резултат на општите проектни цели;
- целни групи кон кои ќе се врши презентирање на проектните цели;
- пораки кои треба да бидат пренесени за постигнување на саканата цел.

Активностите кои треба да се преземат за реализирање на кампањите за подигнување на јавната свест се:

- подготовка, дизајн и печатење на промотивен материјал (флаери, постери, брошури);
- поставување на основни информации на проектот, како и планираните активности кои следат за селективно собирање на комуналниот отпад и негово рециклирање.

Очекуваните резултати од јавните кампањи се следните:

- развиен модул за едукација на населението за проблемите во животната средина;
- развиен модул за едукација на наставниот кадар за едукација на учениците во основните училишта за управување со отпад, потребата од рециклирање;
- минимизирање и повторна употреба на отпадот;
- развиена свест на просветните работници за потребата од интензивирање на едукацијата;
- повисоко ниво на свест кај најмладата популација и пошироката јавност за потребите од рециклирање и учество во примарната селекција на отпадот;
- поголема заинтересираност на популацијата за проблемите во животната средина и учество во акции на ниво на општина.

Процесот на подигање на јавната свест е неопходно да се продолжи и да се збогатува со нови содржини во согласност со принципите на правилно управување со отпадот.

**7. Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

**Совет на општина Валандово**
**Претседател**
**Марија Чурлинова**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион, што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 28.01.2026 година.

Бр.09-289/10 Градоначалник
03.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

